Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **АЛКАЛОИД АД - Скопје**, за сечење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (топола) што се наоѓа на **бул."Партизански одреди" бр.98А-Скопје.**
2.Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 1 (едно) дрво, постаро од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исеченото стебло.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**АЛКАЛОИД АД - Скопје, бул. "Александар Македонски" бр.12,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр.**14-6/573** од **01.08.2023** година, за сечење на дрвото што се наоѓа **на бул. "Партизански одреди" бр.98А– Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвото предмет на барањето е целосно суво (мртво дрво), и постои опасност да падне и да предизвика материјална или друга штета, и не постојат услови за пресадување на дрвото.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за отстранување на дрва се утврдува обврската за компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник

одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото е целосно суво и при тоа е одлучено на место на отстранетото дрво да се засади нов садник на парцелата каде што е извршено отстранувањето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 метри од исеченото стебло.
Па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/573/2**
**07.08.2023** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило" –Скопје, Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

________________

Раководител на одделение
**Емил Дуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

________________

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP